НОВО СРЦЕ

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 134. Дата: 04. 06. 2012.

# НЛО И ВОНЗЕМЈАНИ

(овој текст првично е објавен во книгата „НОВО СРЦЕ“, 2011)



Во една шега се вели: „Вонземјани постојат, само чекаат да умре Чак Норис за да им се откријат на луѓето“. Но, шегата настрана, луѓето се́ почесто си ги поставуваат прашањата: „Дали постојат вонземјаните?“ „Дали се меѓу нас?“

Овој феномен е најприсутен во последниов век. Во последните години, речиси секој хит-филм е поврзан со вонземјани. Се́ почести се среќаваме и со слики од летала, или искуства на луѓе што комуницирале со вонземјани.

Француското астрофизичар Жак Вале (Jacques Vallée) проценува дека ако сите извештаи за НЛО се точни, тогаш тоа би значело дека околу 3 милиони НЛО (непознати летечки објекти) слетале на земјата во последните 25 години. Тоа е навистина тешко да се прифати.

Според едно научно списание „New Scientist“, ако постојат барем еден милион други цивилизации во нашата галаксија, и ако секоја цивилизација би лансирала само по едно летало, ние би можеле да очекуваме вонземна посета на секои 10. 000 години. Со други зборови, патувањето во вселената (поради оддалеченоста на планетите и физичките закони) воопшто не е така едноставно како што е прикажано во филмовите.

А од друга страна, останува фактот дека сите наши научни обиди да откриеме живот на некоја друга планета се покажале безуспешни.



Тогаш како да си ги објасниме сите тие појави на НЛО (непознати летечки објекти) и изјави на многу поединци, кои ги виделе летечките објекти, или дури и комуницирале со вонземјани? Од каде се сите тие слики, видеа и сведоштва за НЛО. ?

Најнапред, на разочарување на многу фанови на НЛО, мора да се каже дека истражувањата покажале дека огормен број слики со НЛО при детална компјутерска анализа се покажале како лажни. Во други случаи, се покажало дека се работи за метеоролошки феномени, или природни предмети, како птици, летала од човек, балони.

Само многу мал процент слики и видеа, остануваат неразјаснети, што не мора да е доказ за вонземјани.

Останува фактот дека досега не постои ниту еден физички доказ за постоење вонземјани. Но, останува и неодговореното прашање: „Ако тие вонземјани толку долго ја посетуваат Земјата, ако се многу посупериорни од нас, тогаш зошто се́ уште се кријат од луѓето наместо да му се објават на човештвото?

Вториот дел од проблемот со вонземјаните загрижува многу повеќе, а тоа се наводните контакти на луѓето со нив. Постојат записи за луѓе, кои наводно биле грабнати од вонземјани, или добиле одредена порака од нив. При детални анализи на безбројните вакви записи, заклучокот на многу експерти, научници и теолози е дека всушност се работи за демонска активност со која нечистите духови (демоните) сакаат да го држат светот во заблуда и да го воведат во една нова „религија“.

Ваквиот заклучок експерите и теолозите го базираат поради следниве аргументи:

## 1) Грабнувањата од НЛО може да бидат прекинати во името на Исус

Џо Џордан (Joe Jordan), во неговото истражување пишува дека има стотици искуства на наводни киднапирања (грабнувања) од вонземјани, кои престанале откако жртвата го извикала името на Исус Христос. За многу луѓе ова докажува дека овие искуства пред се́ имаат духовна, а не вонземна природа, бидејќи името Исус има авторитет над овие „вонземни“ суштества, исто како што се случува и со демоните.

**2) Силите (моќите и способностите) на вонземјаните и на ангелите се исти**

Никол Малон (Nicole Malone) во својата книга пишува дека проучувањето на Библијата покажува дека паднатите ангели можат да предизвикаат визии и други неверојатни искуства, кои изгледаат реални, иако не се. Паднатите ангели (демоните) можат да предизвикаат визии, додека личностите се во состојба на транс, или додека се будни. За времто на трансот, често се губи и перцепцијата за време.

Овие паднати ангели можат да се манифестират и во физичкиот свет, да движат објекти, па дури и да предизвикаат повреди, и потоа повторно да се повлечат во духовниот свет. „Не гледам ништо во феноменот на киднапирање од вонземјани што не може да се објасни преку способностите на паднатите ангели опишани во Библијата", вели Никол.
(The Bible, Physics, and the Abilities of Fallen Angels; Nicole Malone, pg. 81).

**3) „Вонземјаните" првенствено носат религиозни пораки**

Загрижувачки е тоа што „вонземјаните" при комуникациите со луѓето даваат изјави што звучат многу религиозно и се непријателски настроени спрема Библијата. Тие се претставуваат како спасители на планетата, или креатори на животот на земјата. Изјавуваат дека Библијата е неточна, дека Исус, Буда, Кришна се испратени од други планети. Тие дури и поставуваат свои „месии", кои посредуваат за нив.



Како резултат на сето тоа, во светот веќе се формирани неколку култови за НЛО. Еден од најпознатите е култот на фамозниот Раел, кој има и свои приврзаници. Според него, вонземјаните му кажале да напише книга и да почне нова религија, која денес тврди дека има 55.000 членови низ целата планета. Раел е пример за лажен пророк на модерното време, иако тој можеби е убеден дека овие работи навистина му се случиле.

Библијата ги предупредува христијаните да се чуваат од лажни учења и „вонземни" измамливи духови, кои ќе се појават во последните денови: „*Духот јасно зборува дека во подоцнежните времиња некои ќе отстапат од верата, обрнувајќи внимание на измамливи духови и ѓаволски учења" (1 Тимотеј 4:9).*

На друго место пишува: *„Тоа е сатанското дејствување со секаква сила, и со чудесни знаци и со лажни чуда, и со секаква неправедна измама, за оние кои загинуваат, зашто не ја примија љубовта кон вистината за да се спасат. И затоа Бог ќе дозволи моќна илузија (дејност) за да ѝ веруваат на лагата, та да бидат осудени сите, кои не поверуваа на вистината" (2 Солунците 2:9-12).*

Изнесувајќи ги концизно сите овие факти, многу христијански истражувачи веруваат дека феномените за НЛО се лажните знаци и чуда и моќната заблуда од демонските сили, кои ќе бидат прифатени од оние што одбиваат да веруваат во евангелието.

**Адреса: „Ново Срце", П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**